Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30.09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4671 | 1 | |

15:37

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип Скопје бр.10-4594/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип Скопје, бр.10-4594/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.10-4594/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 27.09.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.10-4594/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-4594/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип во периодот од 12 до 21 септември 2016 година:

- Настојуваше да обезбеди информации од повеќе извори и да сопостават ставови со цел презентирање на јавноста на различни гледишта, при што направен е обид да се издвојат новинарските жанрови, извештај од коментар/осврт со цел јавноста да може јасно да разликува што е информација за настан, а што коментар/став за одреден настан/тема.

поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Слаѓана Димишкова ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________
4. Цветин Чилиманов ____________
5. Љуљзим Хазири ____________